РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 12 - 2169/3
23.11.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција доставена од непознати подносители, на 41-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 12 Ноември 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2272/1 од 04.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители – вработени во ---------------------------------, со која се укажува на сомневања за сторени злоупотреби на службената положба и за несовесно работење во службата поврзано со унапредувања на административни службеници вработени во ----------------------------- во периодот непосредно пред и за време изборниот процес во 2019 година во Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2272 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2272/1 од 04.04.2019 година.

Предметот со број 12 – 2272 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12 – 2272 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2272/1 од 04.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители – вработени ---------------------, а со која се укажува на сомневања за сторени злоупотреби на службената положба и за несовесно работење во службата поврзано со унапредувања на административни службеници вработени во ------------------------ во периодот непосредно пред и за време на изборниот процес во 2019 година во Република Северна Македонија.

Пријавата за овој пријавен случај е сосема кратка и не содржи поблиски податоци за посочените унапредувања, по однос на кои единствено се наведува дека се "дадени" од ---------------- на оваа ------------- спротивно на Изборниот законик.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителите, како е погоре наведено, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од Агенцијата за администрација од аспект на постапките за унапредување со објава на интерен/интерни оглас/огласи кои се објавени на веб страницата на Агенцијата за администрација за

потребите на -------------------, со назнака на број на оглас, работни места кои биле огласени за унапредување, датум на објава на оглас и други , сметано за периодот од 01.12.2018 година до 01.05.2019 година, вклучително и информација по однос на евентуално вложени жалби - од кандидатите за унапредување во постапките и за исходот од постапките по поднесените жалби доколку такви биле реализирани.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор од Агенцијата за администрација- со прилог документација. Според доставениот одговор и произнесувањето на Агенцијата од страна на истата, во посочениот период, е реализирана само една објава на интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник - на ден 28.11.2018 година, со објава на огласот кој кај ------------------------- е заведен под бр. --------------------- од 22.11.2018 година, а со напомена дека во постапката по огласот ниту еден од неизбраните кандидати не поднел/не користел жалба во предвидениот рок. Во поткрепа на изнесеното од Агенцијата за администрација до Државната комисија се доставени во прилог копија од огласот и копија од актот за номинација на два државни службеници вработени во Агенцијата - за член и за заменик член во составот на Комисијата за селекција за унапредување во конкретниот случај.

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите и сомневањата изнесени од подносителите на пријавата од аспект на прекршување на одредбите на Изборниот законик не се потврдуваат и се неосновани, а дека постапката за унапредување, во која неизбраните кандидати не го користеле правото на жалба на одлуката за избор, била/е спроведена согласно позитивните законски прописи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Ноември 2020 година под бр. 12- 2169/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил : Г.Т , Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk